


# Кав'даречки ВЕСНИК

FENI INDUSTRIES · Кралица на водите КОЖУВЧАНКА · Sinalco schmeckt

ГОДИНА V * БРОЈ 107 * 21 МАРТ 2014 * www.kavadarci.gov.mk * БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК


**Општинската изборна комисија Кавадарци започна со работа во просториите на зградата на општината Кавадарци**

## СОГЛАСНО ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА ВО ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК ВО КАВАДАРЦИ ЗГОЛЕМЕН БРОЈОТ НА ИЗБИРАЧКИТЕ МЕСТА

Претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски го потпиша решението за распишување на предвремените параламентарни избори за пратениците во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат на 27 април 2014 година, односно на истиот ден со вториот круг на изборот за претседател на Република Македонија.

Решението за распишување на предвремените избори Вељаноски го потпиша откако Парламентот се самораспушти со 117 гласа „за" и ниту еден глас „против" односно „воздржан". Државната изборна комисија на Република Македонија, веќе ги спроведува законските одредби за спроведување на изборите преку регионалните канцеларии по изборни единици.

Согласно роковите во тек е увидот во избирачкиот список за предвремените парламентарни избори 2014 година кој започна на 16 март, а граѓаните со право на глас ќе можат да проверат дали се заведни во истиот вклучувајќи ги деновите сабота и недела заклучно со 30 март оваа година до 24:00 часот. Канцеларијата на Државната изборна комисија во Кавадарци која е под надлежност Подрачното одделение Велес паралено со увидот во избирачкиот список е пдготвена да го спроведе и собирањето на потписи пред ДИК за предлагање на независни кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за листа на кандидати предложена од група избирачи во Изборна единица 004 за општините Кавадарци и Росоман.

Местото за увид во избирачкиот список како и за собирање на потписите во Кавадарци се наоѓа во канцеларијата бр.8 (приземје) во зградта на Општина Кавадарци во времето од 8:30 часот до 19:00 часот, а за граѓаните на општина Росоман истото се обавува во зградта на Општина Росоман во истиот термин. Канцеларијата претходно успешни ги спроведе истите операции со кои граѓаните имаа можност за проверка во Единствениот избирачки список, а политичките субјекти во собирањето на потписи за кандидатите за учесници во редовните претседателски избори чии прв круг ќе се одржи на 13 април годинава.

Инаку согласно Измените и дополнувањата во изборниот Законик, оние Избирачки места каде има запишано над 1000 гласачи треба да се поделат на две. Во општина Кавадарци вакви места има шест. Ова значи дека од претходните вкупно 54 избирачки места за престојните избори во општината Кавадарци граѓаните ќе глчасаат на 60 избирачки места. Со цел да не се предизвикаат проблеми и забуни кај гласачите најголемиот дел од новите избирачки места се на истите локации и објекти, но во нови простории.



Измените се однесуваат на следните избирачки места. Граѓаните кои гласаат на ИМ 0660 во СОУЗШ „Ѓорче Петров"-шумарско училиште, каде се отвара ново ИМ 0606/1. Согласно новите измени тоа значи дека граѓаните чие презиме започнува со биквите од А до Љ ќе гласаат на ИМ 0660, а оние со презиме од М до Ш, правото на глас ќе го остварат на новото избирачко место со број 0660/1 во истиот објект.

Измена има и на избирачкото место 0668 во објектот на Управата за јавни приходи, каде ќе гласаат граѓаните со презиме од А до Љ, а во новото ИМ 0668/1 ќе гласаат оние со презима на буквите од М до Ш. Промена се врши и во објектото на ООУ „Гоце Делчев" за ИМ 0673 од А до Љ, и новото 0673/1 од М до Ш, како и на ИМ 0674 каде ќе гласаат оние од А до М, а на новото место 0674/1 правото на глас ќе го остварат граѓаните сом презиме од М до Ш. Иста вакква промена се прави и во објектот на ООУ „Тоде Хаџи-Тефов" на ИМ 0684 каде ќе гласаат оние од А до М, а на новото избирачко место 0684/1 гласачите со презимиња на буквите од М до Ш.

Одредбата од новото законско решение предизвикува и дислокација на едно избирачко место со број 0672 сместено во објектот на АМД „Страшо Пинџур". Поради недостиг на простор оваа избирачко место се дели на две, па така граѓаните со презиме од А до Љ ќе гласаат во АМД, а оние со презиме од М до Ш ќе треба да гласаат во објектот на ЈП „Јасмин" –Спортска сала од спротивната страна на улицата каде ќе се смести просторијата на ИМ 0672/1 за гласачите со презиме од Љ до Ш.

Има и две промени на објект каде ќе се гласа. Првата се однесува на избирачко место 0662 во Глишиќ кое од старото училиште сега се сели во новото училиште над селото.

Целосно се затвора објектот во атарото училиште во селото Страгово, каде нема соодветен простор, па ИМ 0709 од Страгово се дислоцира во просториите на Месната заедница во соседното село Крњево.

Во општината Росоман нема никакви промени во однос на Избирачките места чии број останува 10 како и претходно и се наоѓаат на старите локации.

Општинската изборна комисија Кавадарци која започна со работа е сместена во соба бр 11 (приземје) во зградата на општона кавадарци. Согласно новата дополнета регулатива на Изборниот Законик, се изврши промена и дополнување на членовите на Избирачките одбори со цел да се запазат измените согласно кои претседателите и нзамениците на избирачките одбори треба да бидат со Високо стручно образование.

**Кав'даречки Весник**




**Прва официјална средба на градоначалникот со амбасадорот на НР Кина**

## ДОГОВОРЕНА ПОСТАПКА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА КАВАДАРЦИ СО ГРАД ОД КИНА

Градоначалникот на Кавадарци Александар Панов во својот кабинет оствари прва заедничка средба со амбасадорот на Народна Република Кина во Република Македонија, неговата екселенција Цуи Цивеи.



Крајот на нивната средба резултираше со начелен договор во најкраток можен рок, со посредство на амбасадото Кавадарци да се збратими со град од Кина. Идејата произлезе врз основа на кинеските согледувања за брзиот економски развој на Македонија, а пред се од сознанието кое Панов му го пренеса на гостинот, дека општина Кавадарци е втора по економскиот развој во република Македонија.

Претходоно градоначалникот пред гостинот од Кина ја претстави општина Кавадарци во сите нејзини сегменти: географски, културно-историски, општествени и стопански.

Потоа заедно со гостинот посетија неколку штандови на градскиот плоштад каде се одржуваше приредбата во чест на денот на пролетта, а гостинот од учениците од ООУ „Габерот" кавадарци, добиа подарок срце исплетено од волница и фигури со македонски народни носии.

**Димитар Мурџев**

## ЦВЕТНА ПОРАКА ДО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ОД ГРАДИНКАТА „РАДА ПОЦЕВА"



Одбележувајќи го денот на пролетта, група деца од градинката „Рада Поцева" маскирани во цветови, во пресрет на денот на розите на градоначалникот Панов му подарија цветна кутия и пролетна порака со покана да се вклучи во акцијата и денеска на 21 март заедно со нив да засди роза и да се бори активно за зачувување на природата.

## РЕШЕНИЈА ЗА РЕДОВЕН РАБОТЕН ОДНОС НА НАСТАВНИЦИ

**Градоначалникот на Општина Кавадарци Александар Панов, додели решенијата на вкупно 21 лице за работа на неопределено време, кои изведуваа настава во средните и основните училишта во Кавадарци.**

**При доделувањето на решенијата Панов нагласи дека Владата и Локалната самоуправа овозможуваат нашите наставници да го обавуваат своето наставно воспитно знаење кон младата генерација неоптеретени со својот статус. Тие се столб на општеството. Како значаен фактор во формирањето и креирањето на младата личност која се школува и воспитува од најрана воздраст до полнолетство, наставниот кадар ја има шансата, но и одговорноста да продуцира кадар кој со право ќе продолжи да студира и работи во разни општествени структури низ државата.**

**Оттука е и значењето, но и важноста за општеството од доделувањето на решенијата за работа на неопределено работно време во повеќе основни и средни училишта во Општина Кавадарци.**

**Марјан Димитров**

## РАЧНИ ЧАСОВНИЦИ ЗА РЕКОРДЕРИТЕ И СКРОМНИ ПОДАРОЦИ ЗА ХУМАНИТЕ КРВОДАРИТЕЛИ

Во пресрет на 17ти март, денот на Црвениот крст и крводарителството во Република Македонија,традиционално во Кавадарци беа доделени признанијата за најуспешните крводарители и компании кои имаат голем придонес во развојот на крводарителството.

Наградени беа околу 50 крводарители кои четири пати во една календарска година дарувале крв, потоа крводарители кои дарувале крв 25, 50 и 75 пати. Истите добија благодарници и признанија од Црвениот крст, скромни подароци, а најхуманите добија и рачни часовници. За 75 пати дарувана крв часовници од градоначалникот добиа Панчо Ѓорѓиев, ѓорѓе Илиев и Јован Балески, а за 50 пати дарувана крв со часовник беа наградени Зоран Лазаров, Ѓоко Иванов и Ристе Рангелов.

Крводарителите кои дарувале 5 и 10 пати бидејќи ги има во поголем број, благодарниците



ќе ги добијат организирано во кабинетот за трансфузиологија во Кавадарци. Посебна благодарност кавадаречкиот Црвен крст упати и до градоначалникот Александар Панов кој несебично ги помага сите хуманитарни активности.

Покрај за крводарителите, наградени беа и три компании, и тоа: Фени Индустри, Винарска визба „Тиквеш" и „Алијанс Уан".

## ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО ЈА ОДРЖА РЕДОВНАТА МЕСЕЧНА СЕДНИЦА

Општинскиот Совет за превенција од малолетничко престапништво во рамките на своите активности ја одржа редовната месечна седница на која членовите дискутираа на неколку точки на дневен ред.



Според акциониот план за работа на советот и неговите приоритетни проекти кои веќе започнаа да се реализираат во последниот период се проектите „Спортски активности заштитен фактор на девијантното однесување" и проектот „Корисно исполнување на слободното време преку изучување на странски јазици". На овие два проекти членовите напорно работеа и веќе се на самиот старт од нивното имплементирање.

За проектот спортски активности се вклучени околу 14 спортски клубови од различни спортови во кои ќе учествуваат 40тина малолетници од основните и средните училишта. Во врска со овој проект членовите апелираат до учениците, сите оние кои се пријавиле да започнат да присуствуваат во клубовите на термините кои им се одредени. Странските јазици како еден од поважните проекти е веќе започнат со реализација во младинскиот центар „Креактив" каде англиски јазик изучуваат 30 ученици, додека изучувањето на странските јазици во СППМД ќе започне при крајот на месец март, а капацитетот на ученици кои ќе имаат можност да научат англиски и германски јазик е 60 ученици. Претседателот Каракулев во врска со овие два проекти на седницата предложи, а потоа и неговиот предлог се усвои, членовите во групи во текот на наредниот период да направат мониторинг и да видат како напредува работата со учениците, за да имаат јасна слика со реализацијата на овие проекти, па во текот на наредната седница во пишана форма да ги достават на советот впечатоците од посетеноста на спортските клубови.

Според редовната програма за работа на СПМП во месец март предвидено е да се одржат едукативни средби со родителите на деца кои посетуваат градинка, основно и средно училиште заради препознавање на ризиците од престапништво и можноста родителите да ја добијат потребната едукација. Во врска со оваа мерка членовите предложија за почеток овие едукации да бидат изведувани на родителските средби или советувањето на родители.

На крајот под точката разно членовите предложуваа ралични проекти кои би биле од суштинско значење за намалување на девијантното однесување и асоцијалното поведение на учениците, меѓу кои се: оддржување на едукативни трибини на кои покрај темите за борба против пушењето и употреба на дрога или алкохол, ќе бидат опфатени и најразлични теми како прекршоци во сообраќајот, прерано стапување во брак, теми од областа на гинекологија и урологија, појавата на питачење која завзема се поголеми размери во општина Кавадарци и други. Значи, претставниците од секое училиште да го востановат приоритетниот проблем и да се одржи едукација за спречување или решавање на тој проблем.

Советот на општина Кавадарци со сума од 30.000 денари ќе ја помогне работата на Советот за малолетничко престапништво за оваа работна година. Во текот на наредните седници поканети се како гости да присуствуваат претседателот на Советот на општина Кавадарци или дел од советници за да се запознаат со работата на ова тело кое е конституирано во рамките на општината Кавадарци.

**Мартина Митков**




● **Советот на општината ја одржа редовната 14 седница**

## СОВЕТОТ ЈА УСВОИ ЗАВРШНИТЕ СМЕТКИ НА ОПШТИНАТА И ИНСТИТУЦИИТЕ ПОД НЕЈЗИНА НАДЛЕЖНОСТ

Финансиските документи кои ја покажуваат работата на локалната самоуправа Кавадарци денеска беа дел од 29 те точки на дневен ред за работа на кавадаречкиот совет. Говорницата беше искористена опозицијата да го обвини градоначалникот за слаба реализација на Буџетот и неисполнување на голем број ветени проекти од изборната програма во 2009 година.

Советникот од СДСМ Зоран Бањански обвини за промашување на приходите во Буџетот за 21% и рече дека тоа ја покажувало вистинската економска состојба во земјава. И неговиот колега Горан Белевски обвини за слаба реализација на буџетот. Го праша градоначалникот „каде била новата зграда на противпожарната станица, градинката во Ваташа, новиот пазар, катната гаража, доизградбата на кејот и плоштадот“. Според него имало многу поважни проекти за реализација отколку изградба на споменици.

Советничката Милица Андова забележа дека завршната сметка пред советниците требало да се најде според законот најдоцна до28 февруари. Рече дека од завршната сметка се гледала слабата работа на општината, долговите на општината и обвини за низок степен на реализација на капитални проекти.



Следеа повеќе реплики и докажувања кој што сработил и во чие владеење се изградени капиталните проекти во Кавадарци.

Советникот од ВМРО-ДПМНЕ и претседател на комисијата за финансии, Зоран Јованчев рече дека за се што е сработено до граѓаните е доставено во печатена форма како Отчет, а благодарение на големиот број реализирани проекти партијата ја добивала подршката од граѓаните на избори.

На обвинувањата и забелешките одговори и градоначалникот Александар Панов. Тој нагласи дека реализацијата на буџетот за минатата година значи три пати поголема комунална изградба споредено со претходниот период. Додека тој ја имал градоначалничката функција секогаш ќе имал 20 отсто повисоки буџетски планирања со цел да се изградело повеќе.

На прашањето зошто не се реализирани дел од проектите ветени во изборната програма во 2009 Панов рече дека истите се пренесени во програмата од последните избори за која ја добил довербата на 13.000 кавадарчани. Тој им рече на советниците од опозицијата дека ако неговите претходници сработеле повеќе и тој сега ќе имал помалку за работа во капитални инвестиции, напоменувајќи го целосното реконструирање на објектите на образовните институции и решавањето на проблемот со водоснабдување.

По бројните реплики со 12 гласа „За“ на седница беа усвоени завршната сметка на Буџетот на општината, годишниот извештај на општината за минатата година и кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот за четвртиот квартал од минатата година.Петмината советници од опозицијата гласаа против.

Начетиринаесеттата седница советниците ги разгледаа и едногласно ги усвоија завршните сметки на основните и средните училишта во општината и културните институции кои се во надлежност на општината, како и нивните програми за работа годинава.

Со одлука се утврди потребата од донесување на нова урабнистичка планска документација за објекти надвор од планскиот опфат. Се усвои програмата за активностите на општината во областа на спортот и младите за 2014 година.

Со исклук на еден член од Советото вработен во „Фени Индустри“, останатите советници присутни на седницата, како од позицијата така и од опозицијата го усвија следниот Заклучок со кој „Советот на Општина Кавадарци предлага Општина Кавадарци да вложи жалба во предвидениот рок на издадената А-Интегрираната еколошка Дозвола на Фени Индустри за зголемување на учеството на иситнета гума како алтернативно гориво од 15 % на 25 % од вкупниот искористен лигнит во ротациона печка, до надлежното Министерство за животна средина и просторно планирање“.

Во образложението за поведување вакава постапка од страна на Советот на општината беше наведено дека надлежното министерство не ги испочитувало мислењата на граѓаните и еколошкиот здружение кои на неколку јавни трибини и настапи беа јасно



против намерата на компанијата горењето на гума во процесот на производство на фероникел во ротационата печка да биде дополнително зголемен .

**Ангел Данов**

## УТРЕ СЕ ОДБЕЛЕЖУВА ПРАВОСЛАВНИОТ ПРАЗНИК МЛАДЕНЦИ

Празникот на пролета 22 март (9 март, стар стил) младите го празнуваат како свој ден, како ден на младоста,љубовта и убавината. Истиот ден Светата Православна Црква го празнува спомонот на 40 војници кои загинале за христовата вера.

Житието за Светите 40 маченици,како и повеќето народни преданија за нив,меѓусебно малку се разликуваат, но во сите се зборува дека 40 војници од Севастија, маченички загинале бидејќи не сакале да се откажат од христијанската вера.

Во 320 година 40 војници од еден полк во Севастија ја одбиле наредбата да се поклонат пред римските **идоли** и да им принесат жртви. Заради непослушноста тие биле затворени, мачени и изведени пред суд. Биле осудени цела вечер да стојат во вода што замрзнува. Во еден момент од ноќта над главата на војниците се појавиле светли венци, знак на подршката од Исус Христос. Но, за жал утредента сите војници биле натоварени на кола и ги одвеле надвор од градот каде што ги запалиле.

Спомонот за 40 маченици нашол одраз и во македонските преданија и обичаи.Поголем број на обичаи што се изведуваат на овој ден се поврзани со бројот 40 во спомен на четириесте маченици од Севастија. Повеќе собирачи на фолклорни и етнографски материјали запишале вакви обичаи и верувања.

Така на пример на овој празник на различни делови од Македонија се собирале 40 полжави,се правеле 40 сарми,се пиело 40 чашки вино, 40 чашки ракија, да се донесат 40 билки од полето, да се соберат 40 прачки и.т.н.

Денот на пролетната рамноденица според многумина е вистинскиот почеток на пролета. Најдолгиот ден во однос на оној во текот на зимата, посилното сонце, појавата на птиците преселници, враќање на вегетацијата, во свеста на човекот создале мислење дека е поминат критичниот период и дека во секој поглед доаѓаат поубави денови. Периодот на затоплување на воздухот и земјата во некои краишта се верува дека змиите излегуваат од своите дупки. Исто така на овој празник се изведувале и обичаи со кои се прогнозирало колку ќе биде родна годината.

Во минатото овој празник во Македонија го празнувало не само христијанското население туку и муслиманското кое го именувало „Султан Нефруз„. Очигледно е дека во минатото во Македонија со празникот Свети 40 Маченици биле поврзани голем број на обичаи и верувања. Еден дел од нив се поврзани со спомонот за светите војници од Севастија, а другите со пролетната рамноденица,со денот на пролета и повторното оживување на природата. Денес многу од овие обичаи се заборавени. Но,сепак празникот Младенци е целосно посветен на младите, на младоста и љубовта, со него се поврзани многу желби за среќен брак и убава иднина.

Од понов датум е обичајот на Младенци да се оди на гости и да се носат подароци кај младите што стапиле во брак меѓу двата празника.

**Кети Ванчева-Етнолог**
**Томе Крстевски-Етнолог**




**Се комплетира конечната бројка на вработени во германската фабрика во Кавадарци**

## ДО КРАЈОТ НА ГОДИНАТА ГЕРМАНСКИ „ДРЕКСЛМАЕР“ ЌЕ ВРАБОТИ 4500 ЛИЦА ОД КАВАДАРЦИ И РЕГИОНОТ

До крајот на оваа недела бројот на вработени во германската фабрика Дреклмаер во Кавадарци ќе достигне 4.000, а за кратко време овде ќе бидат вработени 4500 лица, не само од Кавадарци туку и од регионот, информира заменик претседателот на владата задолжен за економски прашања Владимир Пешевски, при вчерашната посета на фабриката, заедно со министерот за привлекување на странски инвестиции Веле Самак.

Тие се запознаа со тековните и понатамошните инвестициски планови на компанијата. На средбата со високи претставници на компанијата предводени од Карл Валнер, член на одборот на директори на групацијата, беше искажано задоволство од деловното опкружување и се нагласи позитивната бизнис клима за водење бизнис во Македонија.

„Задоволен сум од она што го видов овде и начинот на кој се работи, од вработените од кои има машки и женски. Имаме огромна подршка од надлежните кои ни овозможуваат да работиме овде, откако претходно ни овозможија да инвестираме во Македонија. Се надевам дека вака добро ќе биде и во иднина“ рече Карл Валнер.

„Еден од проектите со кои што оваа влада се гордее е носењето на Дрекслмаер во Македонија. Се работи за инвестиција од преку 50 милиони евра. Дел



е инвестиција на таа компанија дел на наши добавувачи. Оваа фабрика претставува голем чекор во намалувањето на невработеноста во целиот овој регион, бидејќи вработените во оваа фавбрика доаѓаат не само од Кавадарци , 800 луѓе од Велес, од Валандово , следната недела ќе се вработат и првите 200 вработени од Прилеп. Тоа е правилен пристап и значи рамномерен регионален развој. Политиките што ги спроведува оваа влада се правилно насочени, бидејќи тие се докажуваат на терен со реални вработувања и подигнување на животниот стандард на луѓето“ рече во изјавата за медиумите Пешевски.

Според министерот задолжен за странски инвестиции Веле Самак, германски „Дрекслмер“ има стратешко значење, бидејќи е моментално најголемата ново изградена фабрика во земјава.

„Фабриката се простира на 50 илјади метри квадратни. Изградена е од домашна фирма. Исто така најголема и по број на вработени, скоро 4000 вработени до овој момент. Овде денеска од од производна линија во Германија се доставуваат делови за новиот модел на Мерцедес од Ц класа. Ние како влада сме задоволни од динамиката на оваа инвестиција“ рече Самак. Агенцијата за вработување директно соработува со оваа германска компанија. Како што нагласи директорот Влатко Поповски се трудат да го изнајдат најсоодветниот кадар за фабриката.

Дрекслмаер е германска компанија од автомобилската индустрија која вработува околу 40.000 вработени во повеќе од 21 земја во светот. Со своите 56 капацитети ширум светот, произведува електронска опрема и кабелски инсталации, елегантен интериер, електрични и електронски компненти за најголемите производители на автомобили како БМВ, Ауди, Мерцедес. „Дрекслмаер“ е добитник на титулата „Најдобар производствен капацитет“ во изданието на ФДИ „Топ проекти 2012“ во конкуренција на над 16.000 гринфилд проекти од различни сектори низ светот.

**Ангел Данов**

## ИНОВАЦИЈА НА ДВАЈЦА КАВАДАРЧАНИ КОИ ИЗРАБОТИЈА АПЛИКАЦИЈА ЗА МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН

Откако го завршија процесот на тестирање, кавадарчаните Мики Димитров и Гоце Јованчевски и официјално ја промовираа својата прва апликација „ShortWay“. Апликацијата која веќе е достапна на „Play Store“ е практична и корисна во секојдневието на сите




оние кои поседуваат андроид телефони, нудејќи ви го наједноставниот начин да препратите контакт од именикот на вашиот телефон до вашиот соговорник.

„Идејата за реализација на апликацијата првично потекнува од нашата лична потреба, како и потребата на секој корисник на мобилен телефон. На секој од нас му се случува да добие повик каде соговорникот има потреба од број што се наоѓа во нашата контакт-листа. Земајќи го предвид тоа колку е незабавно, вознемирувачко како и губење време, ги искористивме можностите што денес ни ги нудат паметните телефони. Креиравме сервис што ќе ви ја олесни целата постапка. „ShortWay“ е апликација што ви го олеснува праќањето на контакт-број на лицето кое има потреба од него.

Ова е поедноставен и пократок начин од досегашниот - вели Мики Димитров, еден од авторите на апликацијата.

Во продолжение, Димитров додава дека апликацијата ќе биде бесплатна за сите андроид корисници од Македонија и Србија, додека андроид корисниците од остатокот од светот ќе имаат можност истата да ја купат од „Play Store“ маркетот за само 0,99 евра.

Промоцијата на апликацијата не значи дека 24 годишниот Мики Димитров и 29 годишниот Гоце Јованчевски ќе застанат со нејзиниот развој. Тие најавуваат дека наскоро апликацијата ќе биде достапна и за сите сопственици на iPhone, и уште неколку новини кои за сега останување во тајност.

**Димитар Мурџев**

## БИБЛИОТЕКАТА „ФЕТКИН“ ГО ОДБЕЛЕЖА ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК

Со положување на свежо цвеќе и свечена акдемија, достојно беа одбележани 70 години од смртта на народниот херој Стефан Хаџи Тефов-Феткин. Пред неговата биста во градскиот парк свежо цвеќе положија делегација на дел од вработените во оваа институција, како и претставници од Советот на општината и од Локалната самоуправа.

За успешното работење на библиотеката на свечената акдемија пред присутните говореше директорката Трајанка Атанасова, која истовремено ги прогласи најчитателите за 2013 година во три категории, и им додели по три литературни дела и благодарници. За категоријата најмлад читател беше прогласена седумгодишната Симона Костова, од категоријата средношколец за најчитател беше прогласена Сања Срњаков ученик во гимназијата во Неготино, а Донка Милошевиќ доби награда и благодарница како најчитатал за 2013 година во категоријата возрасни.

По прогласувањето на најчитателите учениците од гимназијата „Добри Даскалов“ го изведоа перформансот кој се состоеше од видео презнетација, рецитал и изведба на неколку



музички точки на тема „Жените што го променија светот“.

Денес библиотеката „Феткин“ од Кавадарци располага со фонд од над 100000 библиотечни единици. Примарна и основна цел на библиотеката е негување на читателските навики кај најмладите, популаризација на книжниот фонд како и следење на издавачката продукција. Библиотеката е исто така учесник во сите културни манифестации што се случуваат на локално ниво и е во постојана соработка со сите културни институции во градот како и со локалната самоуправа.

## ЗНАК ЗА ЕВРОПСКИ КВАЛИТЕТ

Учениците од трето одделение заедно со своите одделенски наставнички Слободанка Стоева и Елеонора Гурева и наставничката по англиски јазик, Елизабета Филипова, учествуваат во проектот „Европа- толку многу лица“. Во овој проект исто така учествуваат и наставниците Киро Јосифов и Славица Јаневска.

Проект е под покровителство на Националната агенција за Европско образование и мобилност, се работи на е-твининг и во него учествуваат училишта од 33 Европски држави. Учениците, на англиски јазик, ги подготвија Македонските традиционални јадења: тавче гравче, пишии, качамак, макало и пандишпан во кујната на градинката „Рада Поцева“ клон – Снежана.

Учениците од шесто одделение нацртаа цртежи за Кокино, Широк сокак, Охридско Езеро, Плоштад Македонија и Кале и направија презентации за нив кои се поставени на интернет. Исто така направен е и видео запис во кој е претставена Македонија.

Учениците од нашето училиште, соработката со 33те партнер училишта ја остваруваат на интернет и сите изработки се ставени на е-твининг и на веб страната на училиштето. Овој проект е продолжение на проектот „Европски големи личности“ за кој ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ доби знак за Европски квалитет.




● **Продожуваат градежните работи на хидро мелиоративниот систем „Бошава“**

# КРАЈНАТА ЦЕЛ НА ЦЕЛОСНАТА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИСТЕМОТ Е ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ВОДА

Задоволување на потребите од водоснабдување на Кавадарци за подолг период со дополнителни 200 литри во секунда, зголемување на количините на вода за наводнување, создавање предуслови за наводнување на површините од високорамнината Витачево и изградба на пет мини хидроцентрали со инсталирана моќност од 11 мегавати со годишно производство од 30 милиони киловат часови електрична енерги се основните придобивки од реализирањето на проектот „Бошава“ за повеќенаменско искористување на водите од Кожув.

За плодната и земјоделска Тиквешија со просечно 270 сончеви денови во годината од огромно значење е енергетското искористување на хидро-потенцијалот на реката Бошава која се напојува од водите на Стара Река, Жарница и изворите Лукар со сливно подрачје од околу 50 квадратни километри кои извираат од планинскиот масив Кожуф.



„Ова е најголем проект за повеќенаменско искористување на расположивите водни ресурси во Тиквешкиот регион и ќе чини вкупно 15,6 милиони евра вели инженер Тодор Лалков автор на проектот и раководител на стручниот тим од фирмата „Хидро Бошава“.

Станува збор за словенечки капитал со тоа што словенците по изградбата се здобиваат со право 27 години да ги користат хидроцентралите за потоа да преминат во сопственост на Република Македонија .Всушност основата на проектот е реконструкција на сите објекти од Хидро системот Бошава, како и надградба со искористување на хидропотенцијалот по текот на трасата . Имено со изградбата и реконструкцијата на сите објекти потребни за малите хидроцентрали ќе се создата предуслови за зголемено водоснабдување, наводнување и други потреби од вода. Исто така освен наводнување на високорамнината Витачево со изградба на канал за наводнување би се наводнувало и моклишкото поле, лозовите насади во месноста Белград и земјоделските посеви во кавадаречкото поле. Од одводната вода на последната мини хидроцентрала на кота од 310 метри надморска висина постои можност за изградба на линија за технолошка вода која минува низ селото Ваташа и градот Кавадарци се до населбата Глишиќ која се наоѓа на 250 метри надмораска висина. Оваа линија би ги опфаќала двете страни по течението на реката Луда Мара и би имало доволно вода за полевање вклучувајќи го градскиот парк, фудбалските стадиони во Кавадарци и Ваташа, голем број зелени површини, дрвореди,училишта, болници и индустриски капацитети на кои им е потребна ефтина технолошка вода. Голем дел од индустриските капацитети се помеѓу овие две коти па со користење на каналите за технолошка вода на Водостопанство „Тиквеш“ ќе се опфатат и повисоките зони од градот- вели Лалков.

Повеќе од шест месеци интензивно се одвиваат работите на терен , се реконструира тиролскиот зафат, сифонот на Лисичка Река и се прави целосна реконструкција на каналот во должина од 22 километри кој има тунелски делови од 4,3 километри , отворен канал 7,3 километри и покриени канали во должина од 10 километри. Каналот ќе се реконструира по целата своја должина за да се зголеми пропусната моќ од сегашните 0,3 метри кубни во секунда на 2,4 метри кубни во секунда.

Највидливи се промените од градежни работи што се одвиваат на езерото Градот или познато меѓу кавадарчани како Моклишко Езеро кое е настанато во 1957 година по природен пат со лисгање на земјиштето. Имено на Моклишкото Езеро ќе му биде зголемен волуменот на околу 200 000 метри кубни со подигање на нивото за 2,5 метри. За таа цел беа извршени големи прокопи со



преградна брана, дислоцирање на постоечка викенд куќа и целосно уредување на брегот на ова природно езеро каде со годините наназад токму во овој период можевме да набљудуваме слетување на црни лебеди и други преселни птици. Интересно е да се спомене дека со изградбата на четвртата мини хидроцентрала која ќе биде во непосредна близина на излетничкото место Брана и Моклишкиот манастир Св Никола ќе се овозможи низ браната да протеку чиста вода без наноси , ќе се подобри квалитетот на водите кои во летните горештини знаат да бидат убаво место за разладување и излет. Што се однесува до Ваташка Река која во Кавадарци го менува името во Луда Мара во летниот период ќе биде обезбедена со задолжителен проток од 150 до 200 литри во секунда.

„Реконструкцијата на каналската мрежа и изградбата на хидроцентралите се предвидува да заврши до крајот на оваа 2014 година“, вели Тодор Лалков видно задоволен што конечно се реализира неговата идеја стара повеќе од една деценија. Неговата соработка со словенската компанија „Турбоинститут“ чија ќерка фирма е „Хидро Бошава“ датира од 2003 година кога тој учествува во изградбата на четири минихидроцентрали на цевководот за водоснабдување Лукар .Со донесувањето на Законот за јавно приватно партнерство и концесии се создаваат можности за реализирање на овој проект кој е од огромно значење за целиот град. Лалков смета дека во годините што следат во целост ќе се согледаат и почуствуваат благодетите од водните ресурси кои со овој проект ќе бидат во целост искористени.

**Мирјана Мукаетова**

# ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД КАВАДРЦИ И РОСОМАН СО ПОВЕЌЕ АКТИВНОСТИ ОД РЕКРЕАТИВЕН И ХУМАНИТАРЕН КАРАКТЕР

Вкупно 122 пензионри од Кавадарци и Росоман ќе ја искористат услугата „Бесплатна бањско климатска рекреација“ во рамки на проектот од министерството за труд и социјална политика.

Сите овие пензионери во периодот од 17 март до средината на јуни ќе можат да ја искористат оваа поволност за бањско климатска рекреација за 2014 година во Бања Банско.

Од овие две општини започнувајќи од 15 јануари до 14 февруари аплицирале вкупно 439 корисници на пензија, не информираше денеска раководителот на подрачната единица на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Весна Ѓорѓиева.

Списоците со податоци за корисниците на пензија се изложени на огласната табла во подрачната единица на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Оние 122 пензионери кои имаат одобрение за користење на бесплатно бањско климатско лекување на домашна адреса ќе добија известување за периодот во кој можат да ја искористат оваа услуга.

### *ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА УЧЕСТВО НА СПОРТСКИ НАСТАНИ*

Здружението на пензионери на Кавадарци и Росоман им соопштува на своите челнови пензионери дека од 15 до 28 март во тек



е пријавувањето за учество на годинашните спортски натпревари.

За оваа годин а се предвидени бројни спортски активности со кои би придонеле поголема рекреација на третата генерација на граѓани од Кавадарци и Росоман. Пензионерите спортсити кои имаат желба да учествуваат на спортските натпревари во текот на оваа година можат да се пријавуваат кај секретарот на Здружението секој работен ден од 8 до 12 часот во следните дисциплини за мажи и жени: тегнење јаже, пикадо, фрлање на ѓуле, трчање до 60 метри, трчање за мажи и жени повозрасни од 60 години, домино, табла и шах, а за дисциплините тробој и скок од место можат да се пријават само мажите пензионерите, а пензионерките за дисциплината двобој. За дисциплината тегнење јаже може да се пријават само пензионерите спортисти од Росоман. Спортските натпревари започнаа со божиќниот турнир во табла, па потоа турнирот во шах, а при крајот на февруари пензионерите го одиграа традиционалниот двомеч со полицијата. Во наредниот период една од поглавните активности за пензионерите од Кавадарци ќе бидат спортските натпревари на регионалните и државните спортски игри.

### *ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА ВО ПРЕСРЕТ НА 8 МАРТ*

Активнот на пензионерки при Здружението на пензионери од Кавадарци во пресрет на празникот на жената 8 Март реализираше хуманитарна акција која со посета на неколку социјално загрозени фамилии на кои им доделија хуманитарни пакети со прехрамбени продукти кои се од голема корст за овие фамилии.

Тие како и многупати досега докажаа дека поседуваат висока свест на хуманост посветувајќи внимание и грижа на луѓето кои не се во состојба да ги задоволат своите елементарни житвотни потреби. Со оваа акција кавадаречките пензионерки не само што им оддадоа почит на припадничките на понежниот пол, туку и помогнаа таму каде што помошта е навистина добредојдена.

**Информативни предавања на гимназијата**

## НАСТАВНИ ЧАСОВИ ЗА ПОЛУМАТУРАНТИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Двајца професори од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ реализираа час во ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ Кавадарци за учениците од VIII одделение. Професорот Зоран Милевски одржа час по информатика за учениците од VIII-а и VIII-в одд. на тема „Компјутерска графика“, додека проф. по економски предмети Лоска Давчева им одржа час учениците од VIII-б одд. на тема „Брендови“.



Двајцата професори-предавачи, преку компјутерски презентации и свои излагања на учениците од осмо одделение им претставија интересни и практични наставни содржини што се изучуваат во гимназиското и стручното образование (економско-правна и трговска струка) при Гимназијата. Притоа, да ја поттикнат желбата кај овие осмоодделенци за избор на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“- Кавадарци, како училиште во кое ќе го продолжат своето образование.

Реализацијата на овие наставни часови произлезе од иницијативата на директорката на Гимназијата, Невенка Поп – Ангелова, а во соработка со директорот на ООУ „Тоде Хаџи – Тефов“- Кавадарци, Никола Нешковски, за заедничка соработка на училиштата.

За време на наставните часови, учениците беа внимателни и заинтересирани за презентираните наставни содржини. Тие активно се вклучуваа во наставата, поставувајќи им прашања на професорите – предавачи и изнесувајќи свои ставови за обработуваните теми.

Учениците добија флаери „Стани Гимназијалец!!!“, како и моливи за пишување, а во оваа прилика беа поттикнати да се пријават на Конкурсот за најдобар вокален интерпретатор, рецитатор и најдобра презентација, којшто е во тек и е организиран од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“- Кавадарци, наменет за ученици од седмо и осмо одделение.

Ваквиот начин на соработка меѓу училиштата може да се оцени како многу креативен, инспиративен и едукативен!

## ПРЕДАВАЊЕ НА ТЕМА „БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ НА ИНТЕРНЕТ“

По осмомартовската акција, инспекторите по превенција од Полициската станица од општа надлежност Кавадарци продолжуваат со едукациите за најмладите.



Во средата во општинското основно училиште „Димката Ангелов-Габерот“ беше реализирана едукативна презентација на тема „Безбедно користење на интернет“. „Има ли некој што нема фејсбук профил? Кој има два и повеќе профили? Кој има над 1000 пријатели на фејсбук или твитер и дали ги познава сите? Кој ја знае и ја користи лозинката на фејсбук профилот на својот другар(ка), пријател(ка), брат, сестра... Како да се заштитиме од интернетот“, ова беа само дел од прашањата на кои учениците одговараа пред почетокот на презентацијата во која беа посочени опасностите кои демнат преку социјалните мрежи. Освен до учениците, инспекторите за превенција имаат своја порака и до родителите, на кои им се препорачува компјутерот на децата да биде во просторијата за дневен престој каде повремено ќе можат да надгледуваат што прави нивното дете на интернет.

Активностите по основните училишта продолжија и во четвртокот, кога кавадаречките инспектори за превенција ги посетија осмоодделенците од основното училиште „Димката Ангелов - Габерот“ од Демир Капија. Во рамки на кампањата на министерството за внатрешни работи на Република Македонија беше организирана превентивна трибина на тема „Не за дрогата“ која покрај за учениците од осмо одделение, ќе биде организирана и за нивните родители кои се важна алка во синџирот за борба против најголемото зло на денешницата.

**Димитар Мурџев**

## ООУ „ТОДЕ ХАЏИ-ТЕФОФ“ ПО ВТОР ПАТ СО ЗЕЛЕНО ЗНАМЕ

На објавениот Конкурс за наградување од Програмата „Интеграција на екологијата во македонскиот образовен систем“ оваа година училиштето „Тоде Хаџи Тефов“ од Кавадарци е наградено со највисокиот сататус „Зелено знаме“. Конкурсот е во организација на Здружението за едукација, консалтинг и комуникација - ОХО, а одлуката за наградување ја донесе комисија за наградување составена од членови на ОХО, член на Министерството за образование и член на Швајцарската агенција за развој.

Официјално наградите беа доделени од Министерот за образование и наука, г-дин Спиро Ристовски на петтиот по ред Еко-Самит кој се одржа вчера во ООУ „Лазо Ангеловски“ во Скопје.

Со доделувањето на наградата „Зелено знаме“ училиштето докажа дека се грижи за животната средина, води еко-политика, ги спроведува еко-стандардите и успешно ја имплементира Програмата за еколошка едукација во македонскиот образовен систем. Училиштето доби и финансиска поддршка од 1000 евра, а ќе ги потроши за заштеда на електрична енергија и намалување на емисија на $CO_2$.



„Сакаме доследно да ја оправдаме оваа награда и понатаму ќе продолжиме да работиме и реализираме еко-активности и Проекти за заштита на животната средина“.-ветуваат учениците, наставниците и целокупниот персонал во училиштето кои работат под раководство на Еко-одборот чиј координатор е наставничката Соња Иловска, а претседател наставничката Мирослава Симоновиќ.

Во рамки на Програмата, за учебната 2012/2013 година награди добија 52 воспитно образовни институции и тоа со Зелено знаме се закитија 9 детски градинки, 22 основни училишта и 6 средни училишта. Покрај ООУ "Тоде Хаџи Тефов" зелено знаме доби и основнот училиште „Гоце Делчев“ од Кавадарци и градинката „Рада Поцева“.

**Димитар Мурџев**

## „АКТИВИЗАМ,ИСТРАЖУВАЊЕ И ДЕБАТА“ РАБОТИЛНИЦА НА НВО „ЗОНА“ ВО ГИМНАЗИЈАТА

Во рамки на проектот „Имплементација на конвенцијата за правата на детето во Македонија“ кој Здружението на граѓани „Зона“ во соработка со Коалицијата на младинските организации „Сега“ а под покровителство на детската фондација „Песталоци“ веќе четврта година го имплементира на територијата на општина Кавадарци, во четвртокот, 6 март 2014 година, во гимназијата „Добри Даскалов“, беше реализиран сет на работилници на тема „Активизам, истражување и дебата“.

Во првиот дел, осум од вкупно девет членови на Советот на младинската/училишната заедница при гимназијата „Добри Даскалов“ имаа можност да добијат повеќе информации за младинскиот активизам, неговата важност, правата и интересите, начините за нивно остварување, но и да дебатираат на оваа за нив доста важна тема. Членовите на Советот се сложија дека мора да добиваат повеќе информации за сите работи кои на било кој начин се поврзани со учениците, но и да бидат вклучени во процесот на донесување на одлуки во училиштето кои директно ги тангираат.

Со цел да им се помогне во остварувањето на предвидените програмски активности, членовите на Советот на младинската заедница, во вториот дел од работилницата имаа можност да се запознаат со процесот на подготовка, извршување, процесирање и презентација на истражување. Иако дел од членовите на Советот претходно веќе имаа работено на неколку истражувања, работилницата беше од голема корист за нив, особено делот на дизајнирање, пилотирање и процесирање на истражувањето. Во овој дел, тие наведуваа свои примери на истражувања кои веќе ги работеле, и ги споредуваа со она што како информацијата беше дадено во презентацијата, за на крајот сами да стигнат до заклучоците и потребните информации.

И дебатата како последна тема на работилницата беше доста интересна за членовите на Советот, особено за оние помладите, кои од оваа презентација добија клучни информации за и околу реализирањето на истата. Иако речиси сите ученици имаа големо искуство на темата, сепак се сложија дека не секогаш посветуваат особено внимание на сите чекори во организирањето и спроведувањето на дебатата, па од своите искуства и научени лекции ги



потврдуваа со се она што беше наведено во презентацијата.

Покрај членовите на Советот на младинската заедница при гимназијата „Добри Даскалов“, на идентична работилница во текот на оваа работна недела ќе земат активно учество и членовите на Советот на младинската заедница при основното училиште „Тошо Велков - Пепето“ каде што исто така се спроведува проектот „Имплементација на конвенцијата за правата на детето во Македонија“.

**Даниел Уневски**




● **Во Градска-галерија отворена изложба на уметнички фотографии кои ја претставуваат големата земја**

## „УБАВАТА КИНА“ НИЗ 60 ФОТОГРАФИИ ЈА ПРЕТСТАВУВА РЕАЛНОСТА И СОНИШТАТА НА ЛУЃЕТО

„Убавата Кина“ претставува изложба за заедничката визија на кинескиот народ за подобар живот во која на 60 фотографии се претставени реалностите и соништата на луѓето, природата и креативноста на човештвото. Зелените планини, бистрата вода, хармонијата меѓу човекот и природата



се само дел од мотивите на овие прекрасни фотографии кои во наредните денови ќе можат да ја пленат со многу топлина кавадаречката публика во Галеријата на Домот на културата „Иван Мазов Климе“. Изложбата која е во организавија на Амбасадата на Народна Република Кина и Музејот на Македонија точно напладне на првиот ден од пролетта ја отвори амбасадотот на Н Р Кина во Македонија Циу Циеви.

„Изложбатае организирана по повод 20-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу Народна Република Кина и Република Македонија, а беше претставена во Скопје, Тетово, Охрид и Прилеп предизвикувајќи голем интерес. Мило ми е што изложбата денеска пристигна и во Кавадарци, градот познат по прекрасното вино. Таа отсликува концепт за развој лансиран од новата кинеска влада и како што знаете во последните години кинеската економија се развива со брзо темпо и постигнува забележителни резултати.

Но, истовремено брзиот економски развој донесува редица проблеми како загадување на животната средина и преголема експлоатација на природните ресурси како и губење на елитната традиционална култура. Дознавајќи дека економскиот развој не може да биде на сметка на загадување и загуба на елитната традиционална култура, на Кина и треба економски раст по зелен, хармоничен и издржлив начин па затоа кинеската влада активно вложува напори и презема реални мерки за промена на шемата на економскиот развој, чии аспекти се почитување кон традиционалната култура, заштита на природата и животната средина Ние ќе станеме една прекрасна земја за идните поколенија, дури и ако се налага да се намали брзината на развојот. Сметам дека прекрасната Кина е мечта на кинезите за подобар живот во кој има дар од природата и креации од општеството, на нив им треба да се наследат, да се креираат и што е најважно да се заштитат – рече амбасадорот Цуи Циввеи.

Видно одушевен од музичкиот дел на отворањето на изложбата, настапот на традицискиот состав „Вретено“ при ООМБУ„Лазо Мицев Рале“ и на Ана Арангелова -пијано и Лазар Соколов-кларинет со два става од сонатата на Сен Сан, амбасадоротЦиу Циввеи најави воспоставување на културна и економска соработка на Кавадарци со еден град од Кина. Тој изрази надеж дека со оваа изложба низ објективите на кинеските фотографи Македонија ќе може да ја разбере Кина, а Македонците меѓу кои и кавадарчани да дадат свој придонес во понатамошниот успешен развој на пријателските односи и соработка во повеќе обкласти.

**Мирјана Мукаетова**

## КНИГИТЕ ОД ИЗДАВАЧКАТА КУЌА „ГОТЕН“ ДОСТАПНИ ВО КАВАДАРЦИ

Со оглед на тоа што во Кавадарци нема класична книжарница во која на располагање на љубителите на книжевните дела би им бил поголем избор на најразлична литература, за одбележување е кога пред читателите ќе се најде нешто ново од литературната издавачка дејност.

Деновиве на кавадаречките книжевни сладокусци достапни им станаа делата на Издавачката куќа “Готен“ од Скопје. Солиден избор од фондот на оваа издавачка куќа може да се набави во книжарата “Дирикон“, која се наоѓа во центарот на градот, веднаш под Стар Балкан.

Издавачката куќа “Готен“ е од помладите во Македонија, но за кратко време стана една од пореспектабилните, со оглед на тоа што за првпат на македонскиот пазар понуди голем број на квалитетни дела од најразлични литературни жанрови, со нагласок на врвни и повеќекратно наградени романи, преведени на македонски јазик. Малото говорно подрачје со појавата на “Готен“ доби можност да добие професионално преведени дела од литературни подрачја кои до појата на оваа издавачка куќа немаа шанса да бидат претставени на нашиот мал пазар.

Меѓу другото, мисијата на издавачката куќа “Готен“, пред се како непрофитна издавачка куќа е промоција на вредни книжевни дела, а не кон комерцијална продожба, и пред се “Готен“ со своето издаваштво е насочен кон културна анимација и развој на читатели. Затоа и цените на делата кои моментално




се нудат на продажба во книжарата “Дирикон“ се и повеќе од достапни.

За почеток би ги препорачале романите “Small World“ од Мартин Зугер, “Разбивање“ од Милош Живановиќ, “Градот во црвена наметка“ од Асли Ердоган, “Жртвено јагне“ од Али Емир, “Летовиште, подоцна“ од Јудит Херман и други. Да се надеваме дека наскоро делата на оваа издавачка куќа ќе бидат достапни и во Градската библиотека “феткин“. Каталогот со делата на издавачката куќа “Готен“ е достапен на www.gotenpublishing.com.

**Марјан Тодоровски**
**www.bluziranje.blog.mk**

## ЃОРЃО ДИМКОВ ПОПОВСКИ

На 2 април се навршуваат 110 години од херојската смрт на тиквешко велешкиот војвода Ѓорѓи Димков Поповски од село Ресава. Малкумина слушнале или воопшто не знаат за Ѓорѓи Димков, тиквешки револуционер и војвода од времето на илинденскиот и поилинденскиот период.



Роден е во с.Ресава 1877 г. во земјоделско семејство. Се одликувал со буен темперамент и поради една расправија со синот на турскиот бег бил приморан да го напушти родното село и извесен период престојувал во Бугарија.

Во 1903 година станал борец во четата на војводата Андон Ќосето, а во времето на Илинденското востание се борел во четата на Ѓорче Петров, со кого подолг период ги обиколувал селата во Прилепско. Од страна на раководството на Организацијата заедно со неколкумина борци бил определен да замине во Велешко за да го организира населението во Азот. Во 1904 година заедно со велешкиот војвода Илија Тетовчето бил многу активен во Велешко и Тиквешко. Истата година бил назначен за велешко-тиквешки војвода и делувал на територијата на овие две кази (околии). Кон крајот на март 1904 година Ѓорѓи заедно со својата чета обилолил неколку села во Велешко со цел да ги зајакне организациите во тие села кои настрадале по Илинденското востание.

На 2 април со четата влегол во селото Капиново. За многу кратко време биле предадени на турските власти, кои со голема војска го обиколиле селото. Борбата била жестока и траела неколку часа. Откако виделе дека се наоѓаат во безизлезна состојба војводата со преостанатите четворица борци се самоубиле за да не паднат живи во рацете на непријателот.

**Мики Камчевски**

## 50 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА ХРИСТО ПОП-АНТОВ

На 22 март се навршуваат 50 години од смрта на Христо Поп Антов, еден од најистакнатите револуционери во Тиквешијата од Илинденскиот период и повремен претседател на Околискиот комитет на ТМОРО во Кавадарци.



Христо Поп Антов е роден во Ваташа во 1879 година во имотно свештеничко семејство, кое му овозоможило солидно образование. По завршеното основно училиште во Ваташа, се запишува во Солунската гимназија каде за прв пат се сретнува со прогресивните и револуционерни идеи. По завршувањето се вработува како учител во Ваташа, а потоа и во Кавадарци. За време на престојот на Гоце Делчев во Кавадарци и Ваташа во септември 1901 година Христо Поп Антов е во негова постојана придружба, што силно влијаело врз неговата револуционерна определба.

Во март 1903 заедно со членовите на Околискиот комитет од Кавадарци, како и девојките активистки Ана Иванова и Лефтерија Грозданова го изработуваат Тиквешкото револуционерно знаме. По заминувањето на Лазар Мишев во четата на Петар Јуруков, на испразнетото место за раководител на Околискиот комитет на ТМОРО за Кавадарци бил назначен Христо Поп Антов. Меѓутоа, во 1904 година од страна на турските власти е пресретната кореспонденција помеѓу Христо Поп Антов и војводата Ѓорѓи Попов од Велес за префрлање на велешкиот војвода во тиквешкиот крај. Од страв дека ќе биде уапсен Христо решава да побегне во Бугарија. Подоцна по сугестија на неговите роднини заминува во Швајцарија за продожување на своето образование, каде што во Лозана се запишува на Правниот факултет.

По добивањето на титулата Доктор по правни науки, ја напушта Швајцарија и по полагањето на државниот испит се вработува како адвокат во Софија. Истата година работи и како учител во Пазарџик во тамошната машка гимназија. Останал во Бугарија се до својата смрт во 1964 година.

**Петре Камчевски**




Текстови и фотографии :кавадар4е

**Државното првенство во џудо за сениори и кадети се одржа во Кавадарци**

## ПРОГЛАСЕНИ НОВИТЕ 26 ШАМПОНИ ВО МАШКА И ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА-ДОМАЖИНИТЕ ОСТАНАА БЕЗ ЗЛАТО

Државното првенство во џудо се оддржа во спортската сала „Јасмин“ во Кавадарци во организација на џудо клубот „Кожувчанка“, а ги промовираше новите 26 македонски државни џудо шампиони во конкуренција на сениори и кадети за мажи и жени.




Во конкуренција на 123 натпреварувачи кои ги бранеа боите на тринаесет македонски клубови, Пролетер, Кожувчанка, Ипон, Сенсеи, Сеишен, Прилеп, Пелистер, Преспа, Црн Дрим, Миоки, Вардар, Гемиџии и Кодкан, најуспешни беа џудистите на џудо клубовите Миоки, Пролетер и Ипон кои триумифраа во 20 од вкупно 26-те предвидени категории. Џудо клубот Ипон доминираше во категоријата кадети и кадетки, освојувајќи ги сите шест медали токму во оваа конкуренција. Арбреша Реџепи, Блерина Сефери, Амра Фејзула, Хамза Јашари, Артан Рушити и Садик Касимовски му ги донесоа првите места на Ипон, додека Берна Шерифовска и Анастасија Качаниклиќ во кадетска и Ангела Велковска, Ивана Никодиновска, Менка Стојановска, Катерина Николова, Маја Попоска и Александар Ангелов во сениорска конкуренција го промовираа клубот „Миоки“ во најдобар македонски џудо колектив.

Тимот на „Пролетер“ беше доминантен во машката сениорска конкуренција која понуди неколку интересни борби. Бојан Крагуески беше прв во категоријата до 66 килограми, Владимир Стојаноски до 73 килограми, а Александар Димитриоски до 90 килограми. Јасмина Стефаноска му го донесе единственото прво место во категоријата сениорки на клубот Пролетер, додека Марко Пановски беше прв во категоријата кадети до 60 килограми, а Барбара Башеска во кадетки до 63 килограми.

Покрај нив, со признанија од државниот шампионат си заминаа и Александар Петрески, Валерија Јаковлевска, Мирјана Николовска и Борче Тошески од Сеишн, Дејан Петрески од Црн Дрим и Филип Јовески од ЏК „Кодокан“.

Иако со делумно подмладен состав, џудо клубот „Кожувчанка“ од Кавадарци беше на чекор до прво место во три борби, но на крајот од финалните натпревари кадетите Наталија Ризова, Ристенче Јаневска и Никола Станоев мораа да се задоволат со вторите места и бронзениот медал. Солидни настапи имаа и Димитар Колев и Сашко Гинев кои на крајот завршија како трети во категориите до 50 односно до 66 килограми.

## ПОРАНЕШНИОТ ШАМПИОН Е МНОГУ БЛИСКУ ДО ОПСТАНОК ВОНАЈСИЛНАТА КОШАРКАРСКА ЛИГА ВО МАКЕДОНИЈА

Фени Индустри лесно го совлада тимот на Карпош Соколи во натпревар кој поради проблеми со помошниот семафор кој го брои времето за напад траеше подолго од вообичаеното. Сега со три победи повеќе од конкурентите, кавадаречкиот клуб изгледа е посигурен во опстанокот во лигата.

Избраниците на Малинков по само 2 минути игра имаа предност од 7:0, за одличната прва четвртина да ја завршат со предност од 8 поени, 25:17. На пет минути до крајот на првото полувреме Шарпер и Павловски со серија од 7 поени го донесоа тимот на на само еден поен до изедначување на резултатот, но Харис, Цветковиќ и Станков ја вратија предноста на Фени, која на паузата изнесуваше 10 поени, 45:35.

Во продолжение од натпреварот гостите ниту еднаш не успеаа да ја намалат двоцифрената предност која ја имаше Фени, пред се поради очајната реализација за тројка, 2 од 17 упатени



удари, па кавадаречките играчи без проблеми стигнаа до победата од 76:61.

Јуџин Харис со 18 поени, 8 асистенции и 5 скокови беше најдобар поединец кај Фени, каде уште меѓу поистакнатите беа и Бјелиќ, Марковски и Богоев. Мијовиќ имаше впечатливо деби за Карпош Соколи кое го заврши со 20 поени, а двоцифрени беа и Павловски и Георгиевски, кои искомбинираа 28 поени.

## СОТИРОВА ПИОНЕРСКИ ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА

**Добринка Сотирова членка на клубот „Градба Промет“ од Кавадарци заедно со Марија Димова, Наташа Сотирова и Анастазија Голчева учествуваше на државното првенство за пионерки кое се одржа во Куманово.Тренерот Блаже Ордановски е задоволен од настапот и резултатите на нашите пингпонгарки.**

**Во конкуренција на 21 пингпонгарка од Македонија беа распоредени во 7 групи од каде првопласираните 2 играа во елиминациите. Во полуфиналето се сретнаа кавадарчанките Анастазија Голчева и Добринка Сотирова во која Голчева загуби со 3:2. Наташа Сотирова е поразена од кумановчанката Димитриева со 3:0.**

**Во финалето се сретнаа Добринка Сотирова и Ива Димитриева. Со 3:2 во сетови победи Добринка и стана државна првенка на Македонија. Третото место го освои Наташа Сотирова. Во игра на двојки шампионки се сестрите Наташа и Добринка Сотирова кои беа подобри од кумановчанките со 3:2 со што станаа државни првенки во пионерска конкуренција.**

**Марјан Димитров**

## НОВА ПОБЕДА НА КАВАДАРЕЧКИОТ ФУТ-САЛ ПРВОЛИГАШ

Црна Река го пресели тимот на Мал Ајакс во втората македонска футсал лига, откако кавадарчани денеска на сред Штип славеа со 6-7.

Во отсуство на Конев, Горан Попов имаше уште една блескава партија која ја круниса со 3 гола, гол машината Тони Гацев на својата изворедна статистика додаде уште 2 погодоци, а со по еден гол во победата учествуваа и Станоев Видан и Миле Димов.



Новите три бода ја донесоа Црна Река на петтото место, кое е и реален дострел за сезонава која кавадарчани ја започнаа очајно, но и затоа што четврто пласираниот тим на Бицо има предност од 9 бодови.

Еве ги останатите резултати: КМФ Велес - КМФ Бицо 3:4, КМФ Железарец - КМФ Скопје 4:4, КМФ Мал Ајакс - КМФ Црна Река 6:7, КМФ Јувентус - КМФ Илирет 3:2, КМФ Шкендија - КМФ Сеу 4:3.

## „ЛОЗАРИ“ ВО СПОМЕН НА НИВНИОТ ДРУГАР МИТКО

Со турнир во мал фудбал, навивачка песна, бакли и скандирање на името на Митко Влајков, пред паролата „Болката е голема, другарството останува вечно со Б-12“ младите кавадарчани покажаа дека другарството не умира ниту после смртта.

Почнувајќи во 13 часот, младите кавадарчани ја одбележаа годишнината од ненадејната смрт на својот драг пријател, другар и роднина, кој играјќи фудбал во спортската сала „Партизан“ предвреме го заврши животот.

Со победи над организаторот Бригада 12 во полуфиналето, и над „Дринкерси“ во финалето, „Црвено - бели“ стигнаа до првото место на турнирот, кој го одбележа интересни фудбалски натпревари, големо другарство, искрено навивање, но и моменти на тага и сеќавање по другарот.




### Тоалетна хартија

Трајче во продавница:

- Ве молам, дајте ми еден пакет тоалертна хартија!

- Каква боја сакате и дали да е парфимирана, господине?

- Дајте ми обична бела, јас сам ќе си ја обојам и парфимирам.

**Илија Пемов**

### АФОПЕРИЗМИ

Дали е пријател тој што за тебе зборува со друг, а со тебе за другите!?

**Петар Наневски**

Кав'даречки ВЕСНИК
Општинско јавно гласило
Издавач: Локална самоуправа Кавадарци
Уредник: Димитар Мурџев
Лектор-коректор: „Европа 92“
Печати: Печатница „Европа 92“ Кочани
Бесплатен примерок